ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА ОПШТИНА АРАЧИНОВО
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2022 07 09/2

Скопје, март 2023 година

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 23 |
| **Финансиски извештаи за 2020 и 2021 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 24 |
| Биланс на состојба | 25 |
| Промени на капиталот | 26 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 27 - 29 |
| Сметководствени политики | 29 - 32 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 32 - 37 |
| Прилог бр.1 Преглед на резултатите од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија | |

## Кратенки користени во извештајот:

ЗЈН – Закон за јавни набавки
КО – Катастарска општина
МТВ – Министерство за транспорт и врски
ДДВ – Данок на додадена вредност
АФПЗРР – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
МФ – Министерство за финансии
МВР – Министерство за внатрешни работи
МЖСПП – Министерство за животна средина и просторно планирање
ППЗ – Против пожарна заштита

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-133/7

Дата: 08.03.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Арачиново, сметка на основен буџет (637), за 2021 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2021 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија за 2017 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Арачиново, сметка на основен буџет (637), во кој е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Ревизијата опфати спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Општина Арачиново и утврди дека од дадените тринаесет препораки спроведени се пет препораки, пет препораки не се спроведени, додека три препораки се во тек.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Арачиново, сметка на основен буџет (637) за 2021 година, констатирани се следниве состојби:

- системот на внатрешни контроли не е воспоставен со јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на финансиските трансакции, ex-ante и ex-post контрола и нема назначено одговорен сметководител;
- во актите за внатрешна организација и систематизација не е формирана посебна организациона единица за финансиски прашања;

- слабости во пресметката и исплатата на плата и надоместоците на советниците, како и начинот на ангажирање и исплата на привремено вработените лица;
- необезбедена соодветна поткрепувачка документација за реалноста и објективноста на дел од евидентираните расходи кои се однесуваат на: потрошено гориво, репрезентација, зимско одржување на локални улици и патишта, за поправка и сервисирање на товарни и патнички моторни возила со замена на резервни делови;
- извршените градежни работи - изградба и реконструкција на улици и патишта се без одобрение за градба и основен проект, а ставањето во употреба на градбите е без извршен записник за примопредавање;
- несоодветното проценување на билансните позиции согласно сметководственото начело на парично искажување, односно не евидентирање на недвижниот имот сопственост на општината, не евидентирање на инвестиционите вложувања на соодветните позиции на материјални средства во подготовка и материјални средства во употреба, не извршен попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2021 година и
- не е почитуван во целост Законот за јавни набавки при набавките на стоки, работи и услуги.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Не се добиени забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор број 16-133/2 од 25.01.2023 година.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 24 до 26 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Арачиново на сметката на основен буџет (637), за 2021 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2021 година, применетите сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа за 2022 година на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија за 2017 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и за ревизија на усогласеност на Општина Арачиново, сметка на основен буџет (637) во кој е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на општината, застапувано од:

- Миликије Халими, градоначалник од 20.10.2017 до 02.11.2021 година и
- Ридван Ибраими, градоначалник од 03.11.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија .

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.11.2022 до 31.12.2022 година, кај Општина Арачиново, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1 погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 13-54/7 од 26.02.2019 година. Утврдивме дека од дадените тринаесет препораки спроведени се пет препораки, пет препораки не се спроведени, додека три препораки се во тек. (Прилог 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорните лица на општината - предмет на ревизија, на ден 11.01.2023 година.
Не се добиени забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор број 16-133/2 од 25.01.2023 година.

### 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. При оценка на системот на внатрешни контроли, а со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор ревизијата го констатира следното:

- не се донесени процедури за материјално и финансиско работење во кои ќе бидат опфатени: текот на движење на документацијата за секој вид на плаќање и наплата на приходи, распределба на должностите и одговорностите за лицата вклучени во процесот, системот за следење и контрола на сметководствената документација што подразбира прием на фактури и архивирање, книга на влезни фактури, книга на излезни фактури, барање за плаќање со кое се потврдува основот за исплата, комплетирање на сметководствената документација, контрола, подготовка на документација за плаќање и нејзино одобрување, што не е во согласност со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и стандард 12 за внатрешна контрола во јавниот сектор;
- не е воспоставена ex-ante и ex-post контрола, која треба да обезбеди

финансиските трансакции, расходи или приходи да бидат проверени, пред и откако трансакцијата е целосно завршена со цел намалување на ризикот од несакани последици и подобрување на процедурите, што не е во согласност со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- евидентираните документи не се контролирани/ликвидирани од соодветно лице за да се потврди веродостојноста, комплетноста и точноста на истите и
- во општината нема назначено одговорен сметководител, што не е во согласност со член 16 став 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Отсуството на внатрешни контроли создава ризик финансиските трансакции да не се извршени согласно законските прописи и да не се темелат на соодветна сметководствена документација за обезбедување на целосни, вистинити и веродостојни информации.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за:
- донесување на процедура за материјално и финансиско работење во кои ќе бидат опфатени: текот на движење на документацијата за секој вид на плаќање и движење на документацијата;
- обезбедување систем на ex-ante и ex-post финансиска контрола;
- назначување на одговорен сметководител.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со извршениот увид во актите за внатрешна организација и систематизација на работните места донесени во 2016 година, со измени и дополнувања во 2021 година, ревизијата констатира дека не е формирана посебна организациона единица за финансиски прашања, што не е во согласност со член 9 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Во актите на општината, работите од областа на финансиското управување и контрола предвидено е да ги извршува одговорен сметководител во состав на одделението за општи, правно-нормативни и финансиски работи. Во текот на 2021 година, како и во изминатите години во континуитет поради недостиг на стручен кадар работните задачи и обврски на работното место - одговорен сметководител ги врши надворешно лице.

Отсуството на посебна организациона единица за финансиски прашања, надлежна за вршење на работите од областа на финансиското управување и контрола создава ризик финансиските трансакции да не се извршени согласно законските прописи и да не се темелат на соодветна сметководствена документација за обезбедување на целосни, вистинити и веродостојни информации.

Во текот на 2022 година, донесен е нов Правилник за систематизација на работните места во Општина Арачиново[1] со кој е предвидено Одделение за буџет, финансирање и даночна администрација со 4 систематизирани работни места (раководител на одделение и 3 извршители).

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за екипирање на одделението за буџет, финансирање и даночна администрација кое ќе ги врши работите од областа на финансиското управување и контрола.

4.2.2. По спроведени постапки и склучен договор[2] во 2020 година и договор[3] во 2021 година со приватни агенции за вработување, во текот на 2021 година исплатени се средства во вкупен износ од 3.000 илјади денари за 8 привремено ангажирани лица. Лицата се ангажирани за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места и истите се ангажирани континуирано за период подолг од две години, што не е во согласност со член 4 и член 24 од Законот за приватните агенции за вработување, кој предвидува во кои случаи, агенцијата може да отстапи работник за вршење на привремени работи и да склучи договор, но не подолго од две години, со или без прекин, што укажува на намалена транспарентност при вработувањето, субјективност во изборот на лица и повластена положба во постапката на нивно ангажирање. Исто така, општината нема евидентни листи за присуство на привремено ангажираните работници ниту од нивна страна се поднесуваат месечни извештаи за извршените работи.

Утврдените состојби за начинот на ангажирање на привремено ангажираните лица, укажуваат на намалена транспарентност при вработувањето и непостојаност на кадарот кој треба да ги извршува редовните работни задачи на општината, а исплатата без доказ за извршените работи не дава уверување во реалноста и објективноста на потрошените средства за оваа намена.

Препорака:

Градоначалникот на Општина Арачиново да преземе мерки и активности за:

- привременото ангажирање на работници преку приватни агенции за вработувања да се врши само во случаите кои се предвидени со законските одредби, но не подолго од две години, со или без прекин.
- привремено ангажираните лица да се исплаќаат врз основа на евиденција за присуство на работа и извештај за извршените работи во текот на месецот.

[1] Бр.08-161 од 21.04.2022 година
[2] Договор бр.08-203/7 од 01.08.2020 година
[3] Договор бр.08-215/9 од 31.08.2021 година

4.2.3. Во текот на 2021 година, Општина Арачиново врз основа на авторски договори, односно договори на дело има исплатено вкупно 1.148 иљјади денари кои се однесуваат на консултантски услуги. Со извршениот увид во доставената документација, ревизијата ги констатира следните состојби:

- Дел од авторските договори се склучуваат за ангажмани кои не подразбираат креирање на авторско дело согласно член 12 од Законот за авторското право и сродните права, туку истите упатуваат на преземање на конкретни и повторливи дејствија, како што се: консултантски услуги, евиденција на податоци, ангажирање на стручни соработници и друго.
- Ангажирани се 7 лица од кои 3 лица со подолг период и истите се ангажирани за консултантски услуги, кои во најголем дел се однесуваат и се поврзани со работни задачи за редовно систематизирани работни места, (консултантски услуги поврзани со менаџмент, финансии и координација со странски организации и институции, финансиски работи, одржување на системот за водоснабдување, IT поддршка за следење на веб-страна и социјални мрежи и односи со јавноста).
- За изборот на овие лица не постојат критериуми во однос на стручните квалификации и компетенции кои би требало да ги поседуваат, ниту пак критериуми во утврдување на висината на надоместоците за извршената работа, која се движи од 8 до 33 иљјади денари месечно.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 252 од Законот за работните односи, согласно кој работодавачот може да склучи договор поради вршење на работи кои се надвор од дејноста на работодавачот, а кои имаат за предмет самостојна изработка или поправка на определени предмети, самостојно извршување на определена физичка или интелектуална работа и член 619 од Законот за облигационите односи, што доведува до субјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на лицата и создава можност од нерационално користење на буџетските средства.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за пропишување на политики за потребата од ангажирање на лица врз основа на договор на дело, утврдување на критериуми за определување на висината на надоместокот и спроведување на соодветна постапка за јавна набавка доколку постои реална потреба од обезбедување на консултантски услуги.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Од извршениот увид во документацијата поврзана со имотот со кој располага Општина Арачиново, со ревизијата ги утврдивме следниве состојби:

- Врз основа на договор[4], градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, катастарска парцела 1514 со површина од 25.145 м$^2$ и имотен лист бр. 21 се дава на Општина Арачиново на долготраен закуп во времетраење од 99 години, без надомест, за изградба на систем за водоснабдување (собирен резервоар) со придружни објекти.

  Исто така, Владата донела Одлука за давање на правото на трајно користење на градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија[5], катастарска парцела 1046 со површина од 2.220 м$^2$, кое се дава во сопственост на Општина Арачиново, а е наменето за изградба на детска градинка.

  Наведеното земјиште со кое располага Општина Арачиново не е евидентирано во сметководствената евиденција на општината, а за изградените објекти на земјиштето, отпочната е постапка за нивно запишување на правата на недвижности во Агенцијата за катастар на недвижности.
- Врз основа на спроведен делбен биланс и Решение бр.23-257/21 од 08.02.2000 година, на општината и се пренесува правото на сопственост на: КО Арачиново објект на локалната самоуправа (поранешен Младински дом), без просторијата на месната заедница и објект - старо фудбалско игралиште. Објектите не се евидентирани во деловните книги на општината, а на ревизијата не и беше доставена документација од која може да се утврди дали добиениот имот е запишан во јавната книга за запишување на правата на недвижности во Агенцијата за катастар на недвижности (обезбедени имотни листови) и дали е извршена процена на неговата вредност, основ за сметководствено и материјално евидентирање на соодветните билансни позиции.
- Општина Арачиново е сместена во новоизграден објект од 625 м$^2$ кој согласно одобрение за градба[6] започнал да се гради во 2016 година. Изградбата на објектот, односно времените ситуации не се евидентирани на позицијата Материјални средства во подготовка. Во 2019 година, градбата е завршена, извршен е технички прием[7] на објектот и истиот е ставен во употреба. Во текот на 2022 година, обезбеден е Имотен лист[8] за општинската зграда, но истата не е сметководствено евидентирана на

[4] бр.16-1168/3 од 11.02.2004 година, помеѓу МТВ и Општина Арачиново
[5] бр. 44-10702/1 од 15.12.2020 година
[6] 09-62 од 15.06.2016 година
[7] 08-109 од 14.03.2019 година
[8] бр. 1605 од 2022 година

соодветните билансни позиции, од причина што општината ја нема утврдено вредноста на изградениот објект.

Ваквата состојба на нецелосно евидентирање на недвижниот имот не е во согласност со член 64 од Законот за локална самоуправа и член 12 и 22 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно прикажување на средствата во деловните книги и Билансот на состојба на ден 31.12.2021 година.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе активности за:

- земјиштето со кое располага општината да се евидентира во сметководствената евиденција на општината;
- изградените објекти и објектите со кои располага општината да се отпочнат постапки за упишување на правото на користење недвижен имот во Агенцијата за катастар на недвижности со цел обезбедување на имотни листови врз основа на кои ќе може објектите да се проценат и истите сметководствено да се евидентираат;
- утврдување на вредноста на новоизградената општинска зграда и нејзино сметководствено евидентирање на соодветните билансни позиции.

4.3.2. Во текот на 2021 година, реализирани се капитални расходи во износ од 36.986 илјади денари, за изградба и реконструкција на инфраструктурни и друг вид објекти и изградба на пешачка и велосипедска патека со хортикултурно уредување. Инвестиционите вложувања не се евидентирани на позицијата Материјални средства во подготовка, а по нивното завршување на соодветните позиции за Материјални средства во употреба со истовремено зголемување на Изворите на капитални средства што не е во согласност со член од 19 до 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 5 од Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Ваквата состојба не овозможува следење на инвестиционите вложувања во одреден објект и има за ефект нереално и необјективно прикажување на билансните позиции за тековната година.

Препорака:

Капиталните расходи по основ на изградба, реконструкција и друг вид на вложување во градежните објекти навремено да се евидентираат на позицијата Материјални средства во подготовка, а по извршениот технички прием, истите да се евидентираат на соодветните позиции за Материјални средства во употреба со истовремено зголемување на Изворите на капитални средства.

4.3.3. Со извршената ревизија на расходите за набавка на материјали (ситен инвентар, канцелариски материјали, средства за хигиена како и други материјали за потребите на општинската зграда) во износ од 569 илјади денари, констатиравме дека Општина Арачиново нема воспоставено материјална евиденција за приемот и издавањето на материјалите, односно набавените материјали не се евидентираат преку сметките на залиха на материјали и останат капитал со што ќе се обезбеди евиденција за истите. Исто така, не е извршен попис на залихите на материјали со состојба на 31.12.2021 година со што не е потврдена фактичката состојба со која располага општината. Поради наведеното општината нема целосен увид во реалниот трошок на истите, состојба која не е во согласност со член 6, 7, 19 и 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и создава ризик од нереално и необјективно искажување на позициите на залихи на материјали и останат капитал во Билансот на состојбата.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за воспоставување на материјална евиденција за приемот и издавањето на материјалите и истите сметководствено да се евидентираат преку сметките на залиха на материјали и останат капитал.

4.3.4. Согласно член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, предвидено е секој буџетски корисник да врши попис на средствата и изворите на средства со цел нивно усогласување на сметководствената со фактичката состојба на 31 декември. За таа цел, се формира комисија за попис, се определуваат работите што треба да ги изврши комисијата и лицата кои материјално се задолжени за средствата што се попишуваат и нивните непосредни раководители, се определува датумот кога започнува пописот, времето за вршење на попис и рокот за доставување на извештајот за извршениот попис со приложените пописни листи, со тоа што рокот за доставувањето на извештајот и пописните листи до организациониот облик задолжен за водењето на сметководството и деловните книги, може да биде најдоцна дваесет дена пред рокот пропишан за доставување на завршната сметка.

Општина Арачиново нема извршено попис на средствата и изворите на средства со состојба на 31 декември 2021 година, што не е во согласност со член 21 од Законот и член од 29 до 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и не дава уверување во реалноста и објективноста на искажаните позиции во Билансот на состојба на ден 31.12.2021 година.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за спроведување на попис на средствата и изворите на средства на начин регулиран со постојните законски одредби.

## 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. Во текот на 2021 година, исплатени се надоместоци во износ од 1.807 илјади денари на сите членови на Советот на Општина Арачиново, без докази за одржани седници и присуство на сите советници. Општината не води евидентни листи за присуство на советниците на одржаните седници на Совет, а исплатата на надоместоците се врши без месечни списоци за исплата изготвени од страна на претседателот на Совет. Од извршениот увид во записниците за одржани седници, ревизијата констатира дека во текот на годината одржани се вкупно 4 седници, а исплатен е надоместок за 12 месеци.

Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од дел 5А од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието и другите избрани и именувани лица во Републиката, каде е предвидено месечниот надоместок за присуство на седниците да не се исплатува доколку Советот не одржал ниту една седница, а се намалува за 30% за секое отсуство од седница и не се исплатува доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница во тековниот месец. Спротивно на законските одредби, за надомест на советниците повеќе се исплатени 1.102 илјади денари.

Во текот на 2022 година, исплатата на надоместоците на членовите на Советот на Општина Арачиново, се врши врз основа на докази за одржани седници и присуство на советниците.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки за лицата кои спротивно на Законот добиле надомест, средствата да ги вратат во Буџетот на општината.

4.4.2. Во текот на 2021 година, Општина Арачиново има направено расходи без соодветна поткрепувачка документација, во вкупен износ од 2.711 илјада денари и тоа:

- Направени се расходи по основ на потрошено гориво во вкупен износ од 923 илјади денари. Вработените и другите овластени лица кои ги користат службените моторни возила не постапуваат согласно Правилникот[9] за уредување на начинот на користење и одржување на службените моторни

[9] Правилник за условите и начинот на користење и одржување на службените возила бр.08-194 од 05.04.2019 година.

возила, односно не се изготвуваат налози за користење на службени возила, недостасуваат податоци за службеното дејствие што се врши, местото на поаѓање и местото на упатување, поминати километри, авторизација од страна на возачот и корисникот;

Евидентирањето на трошоците е врз основа на доставени фактури и спецификации на извршен промет од страна на економскиот оператор без да бидат приложени сметки/сметкопотврди за наполнето гориво со фискална сметка. Од спецификациите за извршен промет, утврдивме дека користени се картички за точење на гориво од страна на неовластени лица, односно точено е гориво во возила кои не се сопственост на општината. Исто така, од направената анализа на периодот на точено гориво со потрошената количина на гориво во возилата, утврдивме дека истите не кореспондираат со потрошокот на гориво во возилата, а не приложените патни налози за службени патувања не даваат уверување во реалноста на направените расходи по овој основ.

- Општината нема донесено интерен акт со кој ќе се регулира правото, начинот и постапката на користење на угостителски услуги и репрезентација. Во 2021 година, евидентирани се расходи за репрезентација во вкупен износ од 619 илјади денари за извршени ресторански услуги од страна на одговорното лице. Исплатата на средствата се врши по доставени фактури и фискални сметки со спецификации за направените расходи, без да биде наведен видот и намената за која услугата е извршена (свечени деловни ручеци и коктели). Исто така, најголем дел од сметките се издадени од ист добавувач во краток временски интервал, што не дава уверување во реалноста на направените трошоци по тој основ.

  Во текот на 2021 година извршен е отпис на побарувања по основ на дадени аванси врз основа на донесена Одлука за отпис на долг по основ на аванс[10] земен од страна на одговорното лице во износ од 200 илјади денари од страна на Советот на Општина Арачиново, како последица од извршена кражба во просториите на општината од страна на непознат сторител, на фискални сметки за извршени угостителски услуги и репрезентација.

- За поправка и сервисирање на товарни и патнички моторни возила со замена на резервни делови исплатени се средства во износ од 621 илјада денари. Во прилог на фактурите не се доставени работни налози и спецификации на извршени услуги и набавки, ниту пак било каков друг доказ кој ќе ја потврди набавката на резервни делови, гуми и поправка на возилата. Исто така, во фактурите за извршени поправки недостасуваат податоци за видот на возилото и истите се одобрени само од страна на

[10] Бр.07-76/1 од 18.03.2021 година

одговорното лице, без да бидат верификувани од лицето кое извршило прием на стоката или услугата.

- По доставени фактури за извршен транспорт и шпедитерски услуги за едно возило наменето за брза помош и мебел наменет за основните училишта на територија на Општина Арачиново исплатени се 548 илјади денари. Општината нема склучено договор за донација/спонзорство за донираните средства со кој има обврска да ги надомести трошоците за транспорт на донацијата.

Ваквиот начин на признавање на расходите без соодветна поткрепувачка документација не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 26 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, каде е пропишано дека внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистините и уредни сметководствени документи, а користењето на средствата да се врши наменски и во согласност со одобрените средства во буџетот на општината. Плаќањето по некомплетна документација, претставува несоодветно трошење на буџетски средства.

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности промените во деловните книги и финансиските извештаи да бидат врз основа на комплетни и веродостојни сметководствени документи.

4.4.3. По спроведена постапка, во 2019 година склучен е договор[11] за зимско одржување на улици и патишта во Општина Арачиново со вредност од 1.060 илјади денари, по кој во 2021 година исплатени се средства во износ од 150 илјади денари. Општината, во текот на 2021 година, по спроведена постапка за набавка на истата услуга склучила договор[12] со вкупна вредност од 1.062 илјади денари со вклучен ДДВ и по овој основ преземени се обврски во износ 531 илјада денари. Преземените обврски и исплатените средства по истите, се по доставена фактура од страна на економскиот оператор, но без налог за извршување на услугата како задолжителен документ предвиден во договорот, односно доказ кој ќе ја потврди извршената услуга.

Непочитувањето на одредбите од член 6 и 9 од договорот склучен помеѓу општината и економскиот оператор и преземањето на обврски без доказ за извршената услуга влијае врз незаконско трошење на буџетските средства.

[11] бр.08-14 од 11.01.2019 година
[12] бр.08-07/6 од 29.01.2021 година

Препорака:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за следење и реализација на одредбите од договорот за набавка на услуги за зимско одржување на локални улици и патишта, врз соодветна поткрепувачка документација.

4.4.4. Во текот на 2021 година, врз основа на склучена рамковна спогодба[13], изведени се интервентни работи за изградба и реконструкција на инфраструктурни и други објекти во вкупен износ од 27.566 илјади денари. Со увид во градежната и сметководствената документација, која се однесува на реализација на договорите ги констатиравме следниве недостатоци:

- Согласно основниот договор предвидено е работите предмет на оваа спогодба, да се изведуваат по склучување на поединечни договори за изведување на работите, а врз основа на цените и условите предвидени во спогодбата. Општината има склучено само еден поединечен договор[14] за асфалтирање на пат во село Грушино со вредност од 10.643 илјади денари. За останатите изведени градежни работи во вредност од 16.923 илјади денари доставени се времени и завршни ситуации, градежна книга и градежниот дневник, но не се склучени поединечни договори со кои ќе се регулираат изведените количини, времетраење и динамика на извршување на работите, ниту се дадени налози за воведување во работа од страна на општината, што не е во согласност со член 2 од основниот договор;
- За изградба на општинските патишта кои согласно член 57 став 2 од Законот за градење спаѓаат во втора категорија на градби, не е обезбедено одобрение за градење пред започнување на работите, што не е во согласност со член 56 од Законот за градење;
- Општината како инвеститор, градежните активности ги изведува без изготвен проект и проектна документација, само врз техничка спецификација/премер пресметка. Техничката спецификација содржи само единечни количини по позиции. Ваквата состојба не е во согласност со членовите 13, 15, 43 и 48 од Законот за градење и член 2 од поединечниот договор, каде е уредена обврската за изготвување на проект, проектна документација и дека инвеститорот е должен проектирањето за изградбата на градби, да го даде на правни лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот. Техничката спецификација/премер пресметка и доставените времени ситуации за извршените работи, содржат позиции кои се однесуваат на „Работа на градежни машини“

[13] Бр.08-206/6 од 07.06.2018 година
[14] Бр.08-424 од 18.09.2018 година

(грејдер, булдожер, утоварувач, багер, камион), фактурирани во износ од 2.653 илјади денари, иако овие услуги се вклучени и во позициите на „Градежни работи“ (набавка, транспорт и вградување).

- Од страна на изведувачот и општината како инвеститор, не е извршено примопредавање и не е составен записник за примопредавање на изведените градби, што не е во согласност со член 95 од Закон за градење, како и член 32 од склучениот договор.

Ваквото постапување при реализација на инфраструктурните вложувања не дава основ за реално планирање на вредноста на работите што треба да се изведат и оневозможува да се врши контрола на изведените работи, што создава ризик од преземање на обврски за нереално извршени работи и за кои не се обезбедени финансиски средства. Од друга страна, необезбедените документи потребни за градбите во кои инвеститор е општината го оневозможува и нивното правилно евидентирање во јавната книга на недвижности, што има за ефект нереално прикажување на имотната состојба на општината во рамки на финансиските извештаи.




“Хортикултурно уредување на дворот во ООУ “Ѓерѓ Кастриот Скендербеу”



“Улица 4 село Арачиново“



*„Асфалтирање на пат кон село Грушино“*

## Препорака:

Градоначалникот на општината, да преземе мерки и активности во насока на:

- склучување на поединечни договори со кои ќе се регулираат изведените количини, времетраење и динамика на извршување на работите,

- обезбедување на одобрение за градба, пред започнување на активностите за изградба на објекти во кои инвеститор е општината,
- планирањето на градбите и нивната изведба да се врши врз основа на проект изработен од правни лица кои ги исполнуваат условите пропишани со Законот за градење;
- за изведените градби изведувачот и инвеститорот да вршат примопредавање и да состават записник за изведените градби согласно Законот за градење.

**Јавни набавки**

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата од Општина Арачиново за 2021 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени сите постапки за јавни набавки спроведени во 2021 година, 7 постапки спроведени во 2020 година и две постапки спроведени во 2019 и 2018 година чија реализација е во 2021 или вкупно 11 постапки за јавни набавки. Вредноста на договорите во ревидираните постапки изнесува 55.335 илјада денари без вклучен ДДВ што е 100% од вкупната вредност на доделените договори.

Врз основа на утврдените извори за финансирање, договорниот орган донесува план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи, со кој го определува почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки.

Годишниот план за јавни набавки за 2021 година, предвидени биле 18 постапки, а спроведени се само 2 постапки што претставува 11% од предвидените постапки.

Со увидот во планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки утврдени се следните состојби:

4.4.5. При спроведување на постапките за јавни набавки утврдивме непочитување на законските одредби и тоа:

- Во постапките за јавна набавка на електрична енергија, зимско одржување на локални улици и патишта, изградба и реконструкција на инфраструктурни и други објекти, изградба на пешачка и велосипедска

патека и шеталиште со хортикултурно уредување, изработка на проекти од проектантски куќи, општината како договорен орган има предвидено гаранција за квалитетно извршување на договорите во висина од 5 до 10 % од вредноста на договорите. Економските оператори во наведените постапки немаат доставено банкарски гаранции, што не е во согласност со член 101 став 6, и член 102 од ЗЈН, тендерската документација и договорите. Од страна на општината не се преземени мерки и активности за нивно обезбедување, со што општината не може да изврши наплата на банкарските гаранции во случај на неквалитетно извршување на договорите како и договорена казна за задоцнување на работите.

- Спроведена е постапка за набавка на горива и масла за потребите на општината и склучен е договор, во кој е предвиден рабат во висина од 0,1% по литар. Од извршениот увид во фактурите за испорачано гориво, ревизијата констатира дека фактурирани се малопродажни цени одобрени од Регулаторната комисија за енергетика, без да бидат намалени за одобрениот рабат, што не е во согласност со член 4 и 6 од договорот[15] за набавка на моторни бензини и дизел гориво.

Утврдените слабости во начинот на постапување при спроведување и реализација на дел од постапките за јавни набавки создаваат ризик од ненавремено и неквалитетно реализирање на договорите што има влијание на рационално и ефикасно користење на буџетските средства.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности, лицата кои се вклучени во процесот на јавните набавки да ја следат реализацијата на договорите за јавни набавки и да вршат контрола во однос на почитување на договорените одредби.

4.4.6. Во 2020 година, по спроведена постапка склучен е Договор за набавка на услуги – изработка на повеќе проекти од проектантски куќи. Вкупната вредност на договорот изнесува 412 илјади денари, а согласно спецификацијата составен дел на договорот е и набавката на услуги која се однесува на: изработка на техничка спецификација – Основен проект за објекти од основно образование во населените места од Општина Арачиново.

- Согласно роковите утврдени во одлуката за потреба од јавна набавка, огласот и тендерската документација, договорот е склучен во времетраење од 12 месеци, односно заклучно со 31.01.2021 година. Десет дена по истекот на договорот на ден 10.02.2021 година склучен е анекс[16] со кој рокот се продолжува за уште 180 дена од денот на завршување на основниот договор.

[15] Договор за набавка на моторни бензини и дизел гориво бр.08-202/7 од 05.08.2020 година и
[16] Бр.08-44/1 од 10.02.2021 година

- на ден 22.03.2021 година даден е налог за изработка на основен проект за изградба на основно училиште во Арачиново со вкупна квадратура од 1.925 $м^2$. Во месец октомври доставена е фактура за изработка на проектна документација и преземени се обврски во износ од 6.757 илјади денари, со што е надмината вредноста на основниот договор и проценетата вредност утврдена во Одлуката за утврдување на потребата за јавна набавка во износ од 1.416 илјади денари, што упатува на нереално утврдување на проценетата вредност согласно одредбите од член 39 од Законот за јавни набавки.

Утврдените слабости во начинот на постапување при спроведување и реализација на постапката за јавна набавка, односно непочитување на роковите предвидени во тендерската документација, како и нереално утврдување на проценетата вредност на набавката, создава ризик од ненавремено извршување на договорените работи и создавање на обврски за кои не се обезбедени буџетски средства.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности, при јавните набавки за услуги да се почитуваат во целост одредбите од склучените договори на начин кој ќе обезбеди нивна навремена реализација и да се врши реална проценка на вредноста на набавката.

4.4.7. Во текот на 2021 година, набавени се стоки и услуги за потребите на општината, кои се однесуваат на: молеро фарбарски услуги, набавка на ламинат, плочки и ситен инвентар, резервни делови и авто гуми во вкупен износ од 1.281 илјада денари. Набавките се извршени без постапка за јавна набавка што укажува на несоодветна проценка на годишните потреби за набавки во тековната година.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 40 став 1 од Законот за јавните набавки и не обезбедува конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на јавни набавки, рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

Препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности, при донесување на Годишниот план за јавни набавки да се планираат вкупните потреби за набавки на стоки, услуги и работи согласно реалните потреби и расположливите средства за набавки за тековната година, заради навремено планирање и спроведување на соодветни постапки за јавни набавки.

### Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основа за изразување мислење, во точката од 4.2. до 4.4. од овој извештај, се однесува на:

- не е формирана посебна организациона единица за финансиски прашања;
- слабости во пресметката и исплатата на плата и надоместоците на советниците, како и начинот на ангажирање и исплата на привремено вработените лица;
- необезбедена соодветна поткрепувачка документација за реалноста и објективноста на дел од евидентираните расходи кои се однесуваат на: потрошено гориво, репрезентација, зимско одржување на локални улици и патишта, за поправка и сервисирање на товарни и патнички моторни возила со замена на резервни делови;
- извршените градежни работи - изградба и реконструкција на улици и патишта се без одобрение за градба и основен проект, а ставањето во употреба на градбите е без извршен записник за примопредавање;
- не е евидентиран недвижниот имот сопственост на општината, инвестиционите вложувања на соодветните позиции на материјални средства во подготовка и материјални средства во употреба, не е извршен попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2021 година и
- не е почитуван во целост Законот за јавни набавки при набавките на стоки, работи и услуги.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3 финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Арачиново на ден 31 декември 2021 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечка законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2 и 4.4 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Арачиново, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Неизвесност и континуитет

6.1. Врз основа на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2018 година склучен е договор[17] за финансиска поддршка помеѓу АФПЗРР и Општина Арачиново, наменета за изградба/реконструкција на плоштади, зелени површини/шеталишта во населени места во рурални средини со вкупна вредност од 11.583 илјади денари. За реализација и користење на финансиската поддршка, Општина Арачиново има спроведено постапка и склучено договор и анекс на договорот за изградба на пешачка и велосипедска патека и шеталиште со хортикултурно уредување во вредност од 14.913 илјади денари, со што се обврзува разликата од 3.330 илјади денари да ги обезбеди од Буџетот на општината. Од извршениот увид во документацијата поврзана со реализација на договорите, ги утврдивме следниве состојби:

- По изведените градежни активности и доставена завршна ситуација и Завршен извештај од надзорот, од стана на АФПЗРР направена е контрола и составен е Извештај од извршена контрола на лице место со кој се констатира дека предвидените позиции во конечната ситуација се изведени. Од страна на општината по изградбата на пешачка и велосипедска патека и шеталиштето со хортикултурно уредување, доставено е барање за плаќање со комплетна документација во рокот предвиден согласно договорот. Од страна на АФПЗРР на ден 23.08.2021 година исплатени се 6.762 илјади денари, што претставува 58,37% од средствата предвидени со финансиската поддршка и член 2 и 6 од договорот, каде агенцијата се обврзува да изврши исплата на финансиската поддршка доколку се исполнети условите од договорот. До денот на известување на ревизијата, не е извршена исплата на преостанатите средства од страна на Агенцијата ниту се познати причините за ваквото постапување.
- Согласно сметководствената евиденција, општината преземала обврски по склучен договор во износ од 14.913 илјади денари. Од извршените анализи и увид во времените и завршната ситуација, градежната книга и градежниот дневник, утврдивме дека работите се изведени во износ од 11.814 илјади денари, што претставува 79% од предвидените позиции во договорот. На економскиот оператор во тековната 2021 година исплатени се 6.317 илјади денари, од кои 2.317 илјади денари се платени како аванс, додека 4.000 илјади денари се платени со цесија.
- На ден 15.11.2021 година, сметката на Општина Арачиново е блокирана со налог за извршување од економскиот оператор во вредност од 10.027 илјади денари. На ревизијата не и беше доставена документација од која може да се утврди причината и основот за вредноста за која е блокирана сметката,

[17] Бр.08-311 од 08.10.2020 година и анекс бр.08-19 од 25.01.2021 година.

поради тоа што општината не располага со дополнителна документација доставена од извршителот. На 21.12.2021 година, со налог за извршување, платен е дел од обврските во износ од 980 илјади денари.

- Согласно дописот добиен од страна на МФ сектор трезорот, заклучно со 01.09.2022 година сметката на Општина Арачиново е блокирана за вкупен долг од 14.599 илјади денари.





*"пешачка и велосипедска патека и шеталиште со хортикултурно уредување"*

6.2. Врз основа на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2018 година склучен е договор[18] за финансиска поддршка помеѓу АФПЗРР и Општина Арачиново, наменета за инвестиции во водоснабдителни и канализациони системи во населени места и рурални средини со вкупна вредност од 10.149 илјади денари. За реализација и користење на финансиската поддршка, Општина Арачиново има спроведено постапка и склучено договор и анекс на договорот[19] за набавка на систем за водоснабдување во с.Мојанци во вредност од 12.140 илјади денари, со што се обврзува разликата од 1.991 илјади денари да ги обезбеди од Буџетот на општината. Од извршениот увид во документацијата поврзана со реализација на договорите, ги утврдивме следниве состојби:

- Согласно член 3 од договорот склучен со АФПЗРР на ден 16.07.2020 година исплатен е аванс во висина од 20% од одобрените средства, во износ од 2.210 илјади денари и истите се исплатени на економскиот оператор.
- По изведените градежни активности и доставена конечна ситуација и Завршен извештај од надзорот, од стана на АФПЗРР направена е контрола и составен е Извештај од извршена контрола на лице место во кој се утврдени разлики во изведбата на бунарите ПЕБ 123 и отстапувања во дел од позициите наведени во конечната ситуација со фактичката состојба. Не се изведени ѕиден команден ормар за регулација на потопна пумпа, пластични канали за кабе, за осветлување, шуко приклучоци, гумени

[18]Бр.08-311 од 08.10.2020 година и анекс бр.08-19 од 25.01.2021 година
[19]Бр.08-339/6 од 08.11.2019 и анекс бр.08-184 од 10.06.2020 година

кабли, кабли во заштитна пластична цевка, мерни места за пумпни станици и пумпи. Извршена е контрола и утврдени се отстапувања и во дел од ставките за електроинсталацијата, со што констатирано е дека инвестицијата не е целосно завршена, а во моментот на увидот не е забележан довод на вода и инвестицијата не е пуштена во употреба. Исто така, во извештајот констатирано е дека пумпите се украдени и доставена е потврда од МВР за пријавена кражба од страна на општинската администрација.

- На ден 25.03.2022 година, од АФПЗРР добиено е Решение за одбивање на барањето за исплата и Решение за поврат на средствата кои се исплатени како аванс, од причина што Општина Арачиново не ги исполнила обврските утврдени во член 4 од договорот за финансиска поддршка и не доставила дозвола за водно право издадена од МЖСПП и Извештај за завршување на изградбата на бунар.



*"Поставена водоснабдителна инсталација "*



*"сегашна состојба од лице место"*

Општина Арачиново Скопје

Сметка на основен буџет (637)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2021** | **2020** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 56.529 | 21.261 |
| **Вкупно приходи** | | **56.529** | **21.261** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати,наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 6.495 | 6.866 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 250 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 41.772 | 12.189 |
| Каматни плаќања | | 0 | 50 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 500 | 80 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 12 | 46 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **49.029** | **19.231** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 7.500 | 2.030 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **7.500** | **2.030** |
| **Вкупно расходи** | | **56.529** | **21.261** |

Општина Арачиново Скопје

Сметка на основен буџет (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | во 000 денари |
| Актива | | | | |
| Тековни средства | | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 0 | | 358 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 62.286 | | 68.704 |
| **Вкупно тековни средства** | | **62.286** | | **69.062** |
| **Постојани средства** | | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 445 | | 453 |
| **Вкупно постојани средства** | | **445** | | **453** |
| **Вкупна актива** | | **62.731** | | **69.515** |
| **Пасива** | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 61.961 | | 68.305 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 325 | | 399 |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | | 358 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **62.286** | | **69.062** |
| **Извори на средства** | | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 445 | | 453 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **445** | | **453** |
| **Вкупна пасива** | | **62.731** | | **69.515** |

Општина Арачиново Скопје

Сметка на основен буџет (637)

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| Состојба 01.01.2021 година | 453 | 453 |
| **Зголемување по основ на:** | **173** | **173** |
| Набавки во текот на годината | 59 | 59 |
| Ревалоризација | 114 | |
| **Намалување по основ на:** | **181** | **181** |
| Амортизација | 120 | |
| Ревалоризација | 61 | |
| **Состојба 31.12.2021 година** | **445** | **445** |